Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 81 и 82 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/14 и 188/2014) во постапката за определување на оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 30.12.2014 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

I

СЕ ОПРЕДЕЛУВА Македонски Телеком АД Скопје за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо – Пазар бр. 8 Пристап до услуги со широк опсег (Broadband), на географското подрачје на Република Македонија.

II

На Македонски Телеком АД Скопје му се наметнуваат следните обврски:

- Пристап и користење на специфични мрежни средства;
- Недискриминација;
- Транспарентност, со обврска за објавување на референтна понуда за пристап до услуги со широк опсег;
- Посебно сметководство и
- Контрола на цени и обврска за сметководство на трошоци во случај кога пристапот до услугите со широк опсег се обезбедува преку бакар во пристапниот дел на мрежата.

III

Македонски Телеком АД Скопје е должен обврските утврдени во точка II на ова решение да ги исполни на начин утврден во Законот за електронските комуникации и Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга, објавен во Службен весник на Република Македонија број 190/14.

IV

СЕ ЗАДОЛЖУВА Македонски Телеком АД Скопје во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за електронски комуникации да достави на одобрување измена на Референтната понуда за битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга во согласност со Правилникот од точка III на ова решение.

V

Со денот на донесувањето на ова решение престанува да важи Решението број 03-5508/1 од 28.10.2010 година.

VI

Ова решение ќе се објави на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации во рок од три дена од денот на неговото донесување.

VII

Ова решение е конечно.

Образложение

Во согласност со членот 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата изврши трета анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо – Пазар бр. 8 Пристап до услуги со широк опсег (Broadband). Анализата беше извршена на начин и постапка утврдена со Законот за електронските комуникации, Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација број 02-5015/1 од 23.09.2010 година, број 02-2010/2 од 15.04.2011 година и број 0307-1276/2 од 07.05.2014 година и земајќи ги предвид основните директиви и упатства на Европската комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ.

Во согласност со членот 13 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации на својата веб страна објави Нацрт-документ за третата анализа на Пазарот бр. 8 Пристап до услуги со широк опсег (Broadband) и им даде можност на сите заинтересирани страни да дадат свои мислења, забелешки и коментари по истата. Финалниот документ за анализата со вклучените мислења од заинтересираните страни беше донесен и објавен на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации, под број 0201-1091/8 од 01.08.2014 година.

При спроведувањето на анализата беа користени податоци за периодот 01.07.2009 до 31.12.2013 година.

Врз основа на спроведената анализа се заклучи дека има еден пазар за пристап до услуги со широк опсег на кои се обезбедуваат следните големопродажни услуги:

1. Услуги со широк опсег кај кои пристапната мрежа се темели на бакар во кои се вклучени следните големопродажни услуги:

- услуга на битстрим пристап која ги подразбира сите точки на превземање на сообраќај од операторот кој ја обезбедува услугата за битстрим пристап во кој пристапната технологија се темели на бакарна парица:

- Точка на пристап на IP ниво.
- Точка на пристап на Ethernet ниво,
- Точка на пристап на DSLAM или друга пристапна технологија
- Услугата за широкопојасен пристап која Македонски Телеком АД Скопје ја обезбедува за сопствени потреби во кој случај пристапната мрежа е темелена на бакарна парица.

2. Услуги со широк опсег во кои пристапната мрежа е базирана на напредни технолошки решенија базирани целосно или делумно на оптика во кој се вклучени следните големопродажни услуги:

- услуга на битстрим пристап која ги подразбира сите точки на превземање на сообраќај од операторот кој ја обезбедува услугата за битстрим пристап во кој пристапната мрежа е базирана на напредни технолошки решенија базирани целосно или делумно на оптика:

- Точка на пристап на IP ниво
- Точка на пристап на Ethernet ниво т.е локален пристап преку виртуелно разврзување (VULA).
- Услугата за широкопојасен пристап која Македонски Телеком АД Скопје ја обезбедува за сопствени потреби во кој случај пристапната мрежа е базирана на напредни технолошки решенија базирани целосно или делумно на оптика.

Исто така врз основа на спроведената анализа се заклучи дека релевантен пазар за пристап до услуги со широк опсег, во географска димензија е целата територија на Република Македонија.

Основната цел на анализата беше и да се определи дали на релевантниот пазар има доволно конкуренција или тој се приближува кон остојба на ефективна конкуренција или пак постои оператор кој има моќ и капацитет самостојно или заедно со други оператори да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените или понудата, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

При проценета дали еден оператор има значителна пазарна моќ на релевантен пазар беа земени предвид критериумите утврдени во членот 77 од Законот за

електронските комуникации и истите се детално разработени во Финалниот документ за третата анализа на Пазар бр.8 Пристап до услуги со широк опсег (Broadband).

Имајќи ги предвид резултатите од спроведената анализа се заклучи дека Македонски Телеком АД Скопје е оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо Пазар бр. 8 Пристап до услуги со широк опсег (Broadband) на географското подрачје на Република Македонија.

Со оглед на ова во согласност со членовите 84, 85, 86, 87 и 88 од Законот за електронските комуникации, како и во согласност со членот 18 од Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга, на определениот оператор со значителна пазарна моќ му се наметнуваат обврски за кои се смета дека се најсоодветни за спречување на постојната значителна пазарна моќ за пристап до услуги со широк опсег.

Поради сето ова горе наведено се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Раководител на Сектор за анализа на пазарот
Марјан Пејовски
Советник за анализа на пазарот и односи со јавноста
Синиша Апостолоски
Советник за работи од областа на правото
Лилјана Денковска
Советник за работи од областа на телекомуникациите
Горан Колевски
Шеф на Кабинет
Маргарита Чупаркоска

Директор
Роберт Ордaноски

Наш број: Уп 1- бр. 1302-1453
Скопје, 30.12.2014 година